ПРИЛОГ III
УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА 3

1.1 | Структура на организацијата 3
1.2 | Управување со животната средина 5
1.3 | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА 5
1.4 | СИСТЕМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ЕМИСИИТЕ 5
1.5 | МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИТЕ 6
1.6 | ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА 6

2. ДОДАТОЦИ 7

1. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Друштвото за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје, е формирано на 27.02.2009 година, со регистрирана приоритетна дејност 01.470 – Одгледување на живина. Тековната состојба на компанијата дадена е во додаток 1 од прилог 1 на ова барање.

Основната дејност на ГОЛДЕН ЕГ е одгледување на кокошки несилки за производство на јајца од различни класи (во фарма), пакување пакување на произведените јајца (во центар за пакување на јајца) и нивно транспортирање до крајните корисници. За остварување на овие секојдневни и други долгорочни задачи се грижи производствениот тим, составен од ветеринари, агрономи, транспортери, кој е постојано достапен за своите потрошувачи, доставувачи и сите останати заинтересирани страни.

Фармата работи 313 дена во годината.

Во ГОЛДЕН ЕГ работат 3 лица и тоа еден управители двајца работници.

1.1 | СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Пазарните побарувања наложија ГОЛДЕН ЕГ да се структуира на тој начин да ги задоволи инженерско – техничките, оперативните и работните побарувања на купувачите. Организационата структура на фармата е дадена во Додаток 1.

Опис на работни места

Работно место: **Управител**

Примарни активности и обврски:

- Ја организира, координира и контролира целокупната работа на фармата согласно законските прописи, условите од Б-интегрираната дозвола и интерните процедури.
- Ја застапува фармата пред надлежните институции, инспекциски органи, добавувачи и деловни партнери.
- Донесува оперативни и развојни планови за производство на јајца, во согласност со принципите на одржливо и еколошки прифатливо работење.
- Одговара за спроведување на мерките за заштита на животната средина (управување со отпад, арско ѓубриво, отпадни води, емисии во воздух, бучава и мириси).
- Обезбедува усогласеност со Законот за животна средина, ветеринарните прописи и прописите за безбедност на храна
- Го организира и надгледува технолошкиот процес на одгледување на кокошки несилки и производство на јајца.
- Обезбедува правилна примена на биосигурносни мерки и мерки за добросостојба на животните.
- Го следи здравственото состојба на живината во соработка со овластен ветеринар.
- Го контролира процесот на собирање, селекција, складирање и пакување на јајцата.
- Учествува во решавање на техничко-технолошки проблеми во објектите и опремата.
- Член е на HACCP тимот и активно учествува во анализа на ризици и утврдување на контролни точки.
- Го одржува и унапредува системот за безбедност на храна и управување со квалитет.
- Обезбедува целосна примена на HACCP планот и придружната документација.
- Одговара за здравствената исправност и квалитетот на произведените јајца.
- Организира и спроведува обука на вработените за хигиена, биосигурност и системи за квалитет.
- Организира правилно складирање и управување со арско ѓубриво и други видови отпад.
- Обезбедува примена на мерки за спречување на загадување на почва, вода и воздух.
- Води евиденции за создаден отпад, потрошувачка на вода, електрична енергија и добиточна храна.
- Го следи и контролира одржувањето на објектите со цел спречување на еколошки инциденти.

- Учествува во изработка и спроведување на финансиски планови поврзани со производството.
- Одлучува за набавка на опрема, храна, ветеринарни препарати и репроматеријали, во согласност со процедурите.
- Одобрува добавувачи согласно утврдени критериуми за квалитет и безбедност.
- Го организира и контролира работењето на вработените и изготвува распоред на работа.
- Подготвува дневни, месечни и годишни извештаи за производството и работењето на фармата.
- Врши секојдневна контрола на состојбата во производните објекти и центарот за пакување.
- Ги контролира постапките при испорака на готов производ.
- Подготвува извештаи за надлежните институции при инспекциски надзор.

Работно место: **Работници во центарот (лампирање, сортирање, пакување и испорака)**

Опис на работата и работните задачи:

- Работните задачи ги извршува во Центарот за пакување на јајца согласно утврдените процедури.
- Врши прием на јајца од производниот објект и визуелна контрола при прием.
- Отстранува скршени, оштетени и нечисти јајца при прием и во текот на сортирањето.
- Врши лампирање (осветлување) на јајцата со цел утврдување на внатрешни оштетувања и неисправности.
- Ги реди сортираните јајца во соодветни влошки според утврдена класа и квалитет.
- Скршените јајца ги реди во влошки без класа (5 реда), а нечистите во влошки со 4 реда, согласно интерните процедури.
- Врши финална контрола и отстранување на оштетени јајца како крајна фаза од сортирањето.
- Ги пакува здравите јајца во картонски кутии согласно класа и тежинска категорија.
- Врши формирање (склопување) на картонски кутии.
- Го врши правилното обележување на кутиите со налепници за класа, датум на пакување и рок на употреба.
- Ги затвора и обезбедува кутиите за безбеден транспорт.
- Одговара за точноста на означувањето и следливоста на производот.
- Континуирано внимава да не предизвика дополнително оштетување (крш) на јајцата.
- Води сметка за одржување на лична и работна хигиена со цел спречување на контаминација.
- По завршување на работното време го чисти и дезинфицира работното место и околниот простор согласно планот за хигиена.
- Работи согласно HACCP планот, добрата хигиенска практика (GHP) и добрата производствена практика (GMP).
- Член е на HACCP тимот и постапува согласно утврдените контролни точки.
- Се грижи за правилно складирање на јајцата во магацин согласно пропишани температурни и хигиенски услови.
- Води сметка за рокот на употреба (FIFO принцип).
- Го организира распоредот на кутиите во магацин заради безбедност и ефикасност.
- Ги следи залихите и навремено го известува раководителот за потреба од дополнување.
- Врши требување на влошки, картони и друг амбалажен материјал.
- Врши подготовка на јајцата за утовар и допрема до отпремна рампа.
- Учествува во утовар и испорака на производите.
- Издава и подготвува документација за испорака (испратници, евиденции).
- Врши прием на амбалажа и други материјали од надворешни добавувачи.
- Води евиденција за спакувани количини по класа и датум.

- Одговорен е за правилно ракување со производите и амбалажата.
- За сите дефекти, неправилности или отстапувања веднаш го известува раководителот.
- Работи согласно законските прописи, интерните процедури, обуки и работни инструкции.
- По потреба и по налог на претпоставениот извршува и други работни задачи поврзани со процесот.
- Редовно го известува претпоставениот за извршените активности.

1.2 | УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Одговорноста за работата на фармата, нејзината усогласеност со стандардите за квалитет на животна средина и емисии, спроведување на мерките за контрола на влијанијата и мониторингот е на операторот на инсталацијата односно Друштвото за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје и управната структура која раководи со друштвото.

На ниво на фарма, а согласно организационата структура на друштвото, одговорноста е делегирана на извршителот на фармата како одговорно лице назначено за управување со Друштвото за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје.

Спроведувањето на обврските согласно еколошката дозвола и имплементација на условите од неа понатаму ќе биде доверено до сите вработени на фармата, во рамките на своите конретни задолженија и задачи, а во насока на правилно управување со целокупната работа на Друштвото за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје.

1.3 | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Согласно обврските кои ќе произлезат од идната интегрирана еколошка дозвола за Друштвото за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје, операторот на инсталацијата ќе ги делегира одговорностите поврзани со управувањето со животната средина во инсталацијата на раководителот на фармата на Друштвото за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје.

Во обврските и задачите кои се однесуваат на заштитата на животната средина спаѓаат следните:

- спроведува упатствата, наредбите и заклучоците од областа на заштита на животната средина на органите на управување на друштвото.
- ја прати целокупната законска регулатива од областа на заштитата на животната сигнализира преземање на соодветни потребни мерки и дејствија за заштита на животна средина.
- врши мониторинг на емисии согласно условите од еколошката дозвола,
- врши контрола на спроведување на условите од еколошката дозвола,
- врши контрола на работата на системите за контрола на емисии,
- го контролира создавањето на отпад, неговата селекција како и времето складирање како и предавањето на лиценцирани фирми за преземање на отпадот.
- презема соодветни мерки за неправилно постапување спрема животната средина од страна на вработените.

На позицијата одговорен за Друштвото за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје се наоѓа Емин Зеќири.

1.4 | СИСТЕМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ЕМИСИИТЕ

Целосната одговорност за работата и контролата на системите за контрола и мониторинг на емисиите е на операторот на инсталацијата, а преку него на одговорните лица поставени од операторот, задолжени за спроведување на политиката и обврските на инсталацијата.

Директното извршување на обврските за намалување и третман на емисии е одговорност на извршителот на фармата, односно на лицата задолжени за согласно дадените задолженија и работни задачи.

1.5 | МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИТЕ

Активностите на мониторинг на емисии предвидено е да се се вршат по потреба од страна на специјализирани надворешни организации, согласно условите од еколошката дозвола.

1.6 | ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

Согласно Законот за животна средина и поглавјата кои ги уредуваат условите на еколошките дозволи, операторот на инсталацијата има одредени пропишани обврски.

Општи обврски на операторот

Операторот е должен, за времена важноста на интегрираната еколошка дозвола и пет години по истекот на нејзината важност, да ги чува сите документи и податоци во врска со барањето, издавањето и мониторингот предвиден со задолжителните услови во интегрираната еколошка дозвола и да ги направи достапни по барање на органот на државната управа односно општината или државниот инспекторат за животна средина односно локалниот инспектор за животна средина.

Обврски на носителот на интегрираната еколошка дозвола за известување

Носителот на интегрираната еколошка дозвола е должен да го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, и тоа:

- редовно, за резултатите од мониторингот спроведуван согласно со задолжителните услови од интегрираната еколошка дозвола,
- веднаш, за секој дефект што имал или можел да има значително влијание врз здравјето на луѓето, животната средина или на имотот,
- за секоја промена во работата на инсталација (промена на имот, локација, зафатнина, капацитет) на која може да има влијание врз здравјето на луѓето, животната средина или имотот и
- за секоја планирана промена на лицата со посебни овластувања во врска со интегрираната еколошка дозвола кои управуваат со инсталацијата.

Обврска за асистенција


По барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно општината или државниот инспекторат за животна средина, односно локалниот инспектор за животна средина, носителот на интегрираната еколошка дозвола е должен:

- да обезбеди целосна асистенција на инспекторот кој врши инспекција на инсталацијата,
- да овозможи пристап до местата каде што се земаат мостри и до точките на мониторинг означени во интегрираната еколошка дозвола и да овозможи собирање на податоци за усогласеноста на работата на инсталацијата со задолжителните услови од интегрираната еколошка дозвола со овој закон и
- да ги достави потребните податоци до органот надлежен за работите од областа на животната средина за издавање, измена или за одземање на интегрираната еколошка дозвола.

2. ДОДАТОЦИ

Додаток 1 Организациона структура на ГОЛДЕН ЕГ

Додаток 1 Организациона структура на ГОЛДЕН ЕГ



KPAJ